МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, одредбите од Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, одредбите од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), акционерите на друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2023 година одржано на 31.05.2024 година ја усвоија следната:

## ОДЛУКА

**за исплата на дивидена за деловната 2023 година**
**и утврдување на дивиденден календар**

1. Од износот кој е распореден како нераспоредена добивка за деловната 2023 година, Друштвото ќе исплати дивиденда во износ од **24.393.708 денари**.
2. Дивидендата за деловната 2023 година која ќе им се подели на акционерите на Друштвото е во износ од **34,00 денари** по акција или **2.75 %** од номиналната вредност на една акција (Евро 20,084).
3. Утврдената дивиденда ќе се исплати согласно следниот:

| ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР | |
|---|---|
| Датум на евиденција | 26.06.2024 година |
| Последен ден на тргување со право на дивиденда | 24.06.2024 година |
| Прв ден на тргување без право на дивиденда | 25.06.2024 година |
| Датум на почеток на исплата на дивиденда | 28.06.2024 година |
| Последен рок за исплата на дивиденда | 30.09.2024 година |

4. Утврдената дивиденда ќе се исплати во готово.
5. За исплатата на дивиденда, како и за дивидендниот календар акционерите ќе се известат согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за котација издаден од страна на Македонската берза за хартии од вредност.
6. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
Претседавач

____________________________

Предлог одлука